РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09 - 1108/1
14 -02- 2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, на 26 - та седница одржана на ден 07.02.2019 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси во однос на поднесените Иницијативи до Врховниот суд на РСМ од страна на двајца адвокати, за носење на начелен став, односно начелно правно мислење по прашањето за тоа, кој Закон за судовите, како материјален закон, ќе се применува од страна на Судскиот совет на РСМ на веќе започнатите постапки за престанок, разрешување и основи за одговорност на судија, како и тоа дека против 9 судии од Врховниот суд на РСМ се отворени постапки во Судскиот совет на РСМ за разрешување од функциите.

Постапката се запира поради промена на фактичката состојба, односно поднесените иницијативи не се ставени на дневен ред на Општа седница на Врховниот суд на РСМ и промената на претседателот на Врховниот суд на РСМ, Јово Вангеловски, по што Државната комисија нема надлежност за натамошно постапување.

Предметот со број 09-3472/1 од 08.07.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата, по добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, по службена должност, а се со цел превентивно да делува, поведе постапка во однос на поднесените Иницијативи до Врховниот суд на РСМ од страна на двајца адвокати, за носење на начелен став, односно начелно правно мислење по прашањето за тоа, кој Закон за судовите, како материјален закон, ќе се применува од страна на Судскиот совет на РСМ на веќе започнатите постапки за престанок, разрешување и основи за одговорност на судија, како и тоа дека против 9 судии од Врховниот суд на РСМ се отворени постапки во Судскиот совет на РСМ за разрешување од функциите, по што оформи предмет со број 09-3472/1 од 08.07.2019 година согласно член 76 став 1 и став 2 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Државната комисија се обрати до Врховниот суд на РСМ и Судскиот совет на РСМ со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Од извршениот увид во обезбедената документација, Државната комисија констатира дека, во Судскиот совет на РСМ се водат постапки за нестручно и несовесно вршење на судската функција против 8 судии од Врховниот суд на РСМ и тоа дека во Врховниот суд на РСМ не е закажана Општа седница за разгледување на иницијативи.

Од причина што Врховниот суд на РСМ укажа на Државната комисија дека Врховниот суд на РСМ постапува согласно уставните и законските надлежности и дека сите судии кои постапуваат по конкретни предмети секогаш се изземале во постапки во кои постоеле причини за изземање, при што не подлегнувале на било какви надворешни притисоци и дека судиите се самостојни и независни во носењето на судските одлуки, Државната комисија достави Соопштение до медиумите со бр. 09-3472/8 од 12.07.2019 година.

Имено, преку соопштението Државната комисија извести дека укажувањето што беше доставено до Врховниот суд на РСМ од 10.07.2019 година, е во насока да превенира потенцијален судир на интереси што ќе настане доколку судиите од Врховниот суд на РСМ, против кои се отворени постапки во Судскиот совет на РСМ за разрешување од функциите, ќе го прикријаат постоењето на приватниот интерес со што ќе постапат спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно доставеното укажување, Државната комисија не ја загрозува независноста на судиите од Врховниот суд на РСМ, бидејќи не навлегува во постапувањето по конкретни предмети согласно процесните закони, затоа што, истото се однесува на конкретна ситуација, за која важат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Односно, во одредбите точно е пропишано како треба да се однесува службено лице (пр. судија на Врховен суд на РСМ) во случај на постоење судир на интереси и начинот за изземање кога истите службени лица ќе дознаат за околностите што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Врховниот суд на РСМ ја извести повторно Државната комисија дека на Општата седница која се одржала на 04.07.2019 година на дневен ред не била ставена ниту една иницијатива за "општо правно мислење" и тоа дека пред Врховниот суд на РСМ поднесена е иницијатива од адвокат која ќе биде предложена како една од точките на дневен ред на некоја од наредните Општи седници на Врховниот суд на РСМ.

После краток временски период од доставеното известување од страна на Врховниот суд на РСМ, Судскиот совет на РСМ го разреши Претседателот на Врховен суд на РСМ, Јово Вангеловски, по што Државната комисија нема надлежност за натамошно постапување во постапката за утврдување на состојба на судир на интереси.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk